Бр. 0302 - 802/1
15.12.20
СКОПЈЕ

НАРОДНА БАНКА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
BANKA POPULLORE
E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
СКОПЈЕ / SHKUP

| Примено: Pranuar: | 25-12-2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един: Nj. org: | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| 02 | 31409/1 | | |

**До: Народна банка на Република Северна Македонија**
(имател на информацијата)

# БАРАЊЕ

**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија" бр. 13/06), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Ве молиме за постапката за јавна набавка на услуги за чистење на објектите бр. 13528/2020 да ни доставите:**

- **Одлука за јавна набавка**
- **Записник од отворањето на понудите**
- **Записник од спроведениот технички дијалог**
- **Пристигнати понуди или пријави за учество**
- **Извештај за извршената евалуација**
- **Извештај за спроведената постапка за доделување на договор за јавна набавка**
- **Одлуката за избор на најповолна понуда или поништување на постапката која одговорното лице ја донесе во врска со постапката**
- **Извештај од спроведената е-аукција**
- **Потпишан договор за јавната набавка или рамковната спогодба**
- **Записник со инструкции добиени од Бирото за јавни набавки доколку постапката за јавна набавка била предмет на упрвна контрола и сите документи поврзани со управната контрола.**

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) **фотокопија**
- г) електронски запис
- д) друго---------------------------------------------------------------------------

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) **е-маил**
- д) друго---------------------------------------------------------------------------

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата:

**e-mail:**

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:

**тел./факс +**

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во **Скопје**

Датум: **15.12.2020 година**

Канцеларија на советници на гувернерот

Врз основа на член 20 од Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), советникот на гувернерот, како службено лице за посредување со информации од јавен карактер на 25 декември 2020 година донесе

## РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер на [redacted] поднесено во електронска форма во Народната банка на Република Северна Македонија на ден 16.12.2020 година, СЕ ОДОБРУВА.

## Образложение

На 16 декември 2020 година од страна на [redacted] по електронски пат доставено е Барање за пристап на информации од јавен карактер, со кое се бара Народната банка на Република Северна Македонија да достави фотокопија од документите во врска со постапката за јавна набавка на услуги за чистење на објектите бр.13528/2020.

Имајќи во предвид дека бараните податоци претставуваат информации од јавен карактер, а постапката за јавна набавка на услуги за чистење на објектите бр.13528/20 е завршена со конечноста на Одлуката за избор на најповолна понуда, на барателот му се доставуваат документите со кои Народната банка располага во моментот.

Со оглед на тоа дека Договорот за јавна набавка на услуги за чистење на објектите со избраниот понудувач сеуште не е потпишан, во овој момент не сме во можност да го доставиме заедно со останатата документација наведена во Барањето за пристап до информации од јавен карактер.

Со оглед на наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Бр. 02-31409/2
25 декември 2020 година

Советник на гувернерот
Јанче Лековски

**Правна поука:**
Незадоволниот учесник има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение, до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Копие до:
Дирекција за ПР

**Народна банка на Република Северна Македонија**
бул. „Кузман Јосифовски Питу“ бр.1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефони: 02 3108-108 (Централа); 02 3108-224; 3108-259
Факс: 02 3108-357 (Централа); 02 3108-309
Е-пошта: LekovskiJ@nbrm.mk
**www.nbrm.mk**